Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје

Universiteti “Nënë Tereza” në Shkup

Бр./Nr_____

Од /Prej_____

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје/Universiteti „Nënë Tereza“ në Shkup
„Mother Teresa“ University in Skopje
Бр./Nr./No. 05-1963/2
19.11 20 26 год./viti./year
СКОПЈЕ / SHKUP / SKOPJE

ЈАВЕН ПОВИК

за избор на правно лице кое ќе постави самопродавачки (вендинг) машини за кафе (кафемати)

I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје има потреба од поставување 4 (четири) самопродавачки (вендинг) машини за кафе (кафемати) во просториите во Универзитетот.

II. ОПИС НА ПРЕДМЕТОТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на јавниот повик е:

1. Поставување и ставање во функција 4 (четири) самопродавачки (вендинг) машини за кафе (кафемати) во службените простории на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје кои ќе ги користат вработените лица и странките/студентите и

Поставувањето и функционирањето на машините треба да биде во согласност со законските прописи за дејноста.

Предметот на јавниот повик не е делив.

Јавниот повик се однесува на поставување самопродавачки (вендинг) машини за кафе (кафемати) за период од 1 година, сметано од денот на склучување на договорот со најповолниот понудувач.

III. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР

Критериум за избор на најповолна понуда е вкупната најниска понудена цена за (Еспресо, Долго еспресо, Макијато, Капучино,Чај,Топла вода и др),наведени во Дел IX Пријава со Понуда и највисокиот понуден паушален надоместок што правното лице ќе го плаќа на Универзитетот Мајка Тереза“ во Скопје.

Најниската понудена цена се определува на начин што збирот на цените на сите видови производи што се вклучени во понудата се дели со бројот на понудените производи.

Доколку повеќе правни лица бидат рангирани со ист број на бодови, ќе се избере правното лице кое прво поднело пријава за учество.

Доколку е пристигната само пријава за учество од едно правно лице, Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје ќе изврши избор на тоа правно лице.

При евалуацијата на понудите, односот помеѓу вкупната најниска понудена цена (за кафина:Еспресо,Долго еспресо,Макијато,Капучино,Чај и Топла вода и др) и паушалниот надоместок што правното лице ќе го плаќа на сметка на Универзитетот Мајка Тереза“ во Скопје ќе биде следен:

- вкупната најниска понудена цена за (Еспресо, Долго еспресо, Макијато, Капучино,Чај и Топла вода и др) – максимум 60 бодови.

- највисокиот паушален надоместок – максимум 40 бодови, на начин што:

- Најниско понудената цена се вреднува со 60 бодови, следната со 55 бодови, следната со 50 бодови и т.н

- Највисоко понуден паушален надоместок се вреднува со 40 бодови, следниот со 35 бодови, следниот со 30 бодови и т.н.

IV. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право да поднесат пријава за учество имаат сите заинтересирани правни лица регистрирани за вршење дејност.

Документи кои треба да се достават кон пријавата за учество се следните:

1. Тековна состојба на правното лице (не постара од три месеци)

2. Способност за вршење на дејност, при што се доставува
   - ДДВ образец за регистрирана дејност

3. Изјава дека дејноста ќе ја обавува согласно законските прописи кои ја регулираат дејноста (оригинал).

4. Изјава дека ја презема одговорноста за редовно функционирање на машините за кафе (оригинал).

5. Изјава дека редовно ќе го подмирува месечниот надоместок кон Универзитетот Мајка Тереза“ во Скопје.

Документите од точка 1 и 2, се приложуваат во оригинал или во копија заверена од правното лице со потпис на одговорното лице и со назнака „Верно на оригиналот“.

Дополнително доставување документација е предвидено само доколку не се доставени сите предвидени документи во Дел IV, и тоа на барање на Комисијата за

избор на најдобрата понуда доставено со e-mail во рок од три (3) работни дена од крајниот рок за доставување на документацијата предвиден во овој Јавен повик.

Доколку избраното правно лице по донесената Одлука за избор се откаже од склучување на договорот, во тој случај склучување на договорот ќе му биде понудено на наредното правно лице кое поднело пријава за учество и соодветна документација предвидена во јавниот повик.

Сите правни лица кои поднеле пријава за учество ќе бидат информирани за текот на постапката и за изборот на правното лице со кое Универзитетот Мајка Тереза“ во Скопје ќе склучи договор, на контакт e-mail адреса поднесена во Пријавата.

V. ПРАШАЊА И ПОЈАСНУВАЊА

Подетални информации може да се добијат секој работен ден од 10:00 до 13:00 часот во Универзитетот Мајка Тереза“ во Скопје.

Лице за контакт во врска со јавниот повик е Erhan Avdili.

VI. КРАЕН РОК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО

Краен рок за доставување пријава за учество е 03.12.2026 година.

Пријавите се поднесуваат:

- по пошта на следната адреса: Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје, адреса ул. 1669 бр.11А (Касарна-Илинден)- Скопје, термин, во коверт со назнака „за јавен повик за самопродавачки (вендинг) машини за кафе (кафемат) – „не отворај“.

- директно во архивата на Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје, адреса: ул. 1669 бр.11А (Касарна-Илинден)- Скопје, секој работен ден од 10:00 до 15:00 часот во коверт со назнака „за јавен повик за самопродавачки (вендинг) машини за кафе (кафемат) – „не отворај“.

Пријавата која е поднесена по истекот на крајниот рок, се отфрла како задоцнета. Правното лице го приложува оригиналниот примерок на пријавата со документите од точка IV кон неа во затворен плик.

VII. СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОР

Комисијата за избор по истекот на 3 дена од денот на донесувањето на одлуката за избор на правно лице кое ќе постави самопродавачки (вендинг) машини за кафе (кафемати), ќе го извести во писмена форма избраното правно лице. Истовремено, Комисијата за избор ќе ги извести сите правни лица кои учествувале на јавниот повик за извршениот избор.

Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје ќе склучи договор со правното лице кое ги исполнува условите наведени во јавниот повик.

VIII. ОБВРСКИ НА ИЗБРАНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ

Правното лице со кое Универзитет ќе склучи договор има обврска да постави во рок од 10 дена по склучување на договорот 4 (четири) самопродавачки (вендинг) машини за кафе (кафемати), во објектот на Универзитет, согласно законските прописи.

Поставувачот на машините е должен најмалку двапати неделно да врши дотур на производи.

Поставувањето и ставањето во функција на самопродавачките (вендинг) машини за кафе (кафемати) објектот на Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје ќе се констатира од двете страни со заедничка изјава.

За време на целиот период од поставувањето до отстранувањето на самопродавачките (вендинг) машини за кафе (кафемати), правното лице има обврска да го плаќа редовно месечниот паушал кој ќе биде утврден во договорот на посебна сметка на Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје.

Правното лице има обврска да плаќа паушален надомест за потрошена електрична енергија во износ кој е соодветен на потрошувачка од 160 KW по цена утврдена од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Р.С. Македонија за мали потрошувачи и соодветен надомест за пренос и дистрибуција кој одговара на мала потрошувачка од 160 KW, кои ќе бидат во важност во односниот временски период на употреба на машините.

Во договорот задолжително ќе бидат наведени лицата за контакт и за следење на обврските за време на важење на договорот од двете страни.

Обврска на правното лице е по подигнување на самопродавачките (вендинг) машини за кафе (кафемати), просторот да го врати во првобитна состојба.

IX. Пријава со Понуда

(Правно лице, архивски број, датум и место)

Во врска со јавниот повик, објавен од страна на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје за избор на правно лице кое ќе постави и стави во функција 4 (четири) самопродавачки (вендинг) машини за кафе (кафемати), ја поднесуваме следнава пријава за учество:

I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1. Име на правно лице: _____

2. Контакт информации
- Адреса: _____
- Телефон: _____
- Факс: _____
- Е-пошта: _____
- Лице за контакт: _____

3. Одговорно лице: _____
(во правното лице)

4. Даночен број: _____

5. Матичен број: _____

Со поднесување на оваа Пријава во целост ги прифаќаме условите предвидени во јавниот повик и не го оспоруваме вашето право да ја поништите постапката.

Дел II – Техничка понуда- месечен паушал
II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:

1	2	3	4	5
Опис	Количина	Вкупна цена без ДДВ	Износ на ДДВ	Вкупна цена со ДДВ
Највисоко понуден паушален надоместок за 4 (четири) самопродавачки (вендинг) машини за кафе	4			

Понуда

1. Самопродавачка (вендинг) машина за кафе (кафемат)

Р.бр.	Опис на пијалок	Единична цена (МКД со ДДВ)
1	Еспресо	
2	Долго еспресо	
3	Макијато	
4	Капучино	
5	Чај	
6	Топла вода	

Одговорно лице на правното лице _____
(име, презиме, потпис и печат)

*Пријавата и Понудата ја потпишува одговорното лице во правното лице.

Rektor/Ректор:

Prof. Dr. Bekim Fetaji

_____

UNIVERSITETI "NËNË TEREZA" NË SHKUP
УНИВЕРЗИТЕТ "МАЈКА ТЕРЕЗА" ВО СКОПЈЕ
"MOTHER TERESA" UNIVERSITY IN SKOPJE

Универзитет „Мајка Тереза" во Скопје
Universiteti "Nënë Tereza" në Shkup
Бр./Nr. 05- 1963/1
Од/Prej 19.11.2026

Në bazë të nenit 98 paragrafi 1 pika 16 nga Ligji për Arsim të Lartë ("Gazeta Zyrtare e RM" nr. 82/2018, "Gazeta Zyrtare e RMV" nr. 178/21 dhe "Gazeta Zyrtare e RMV" nr. 58/24), Rektori i Universitetit "Nënë Tereza" në Shkup e solli këtë:

VENDIM
për thirrjen publike

1. Universiteti „Nëna Terezë" në Shkup ka nevojë për vendosjen e 4 (katër) makinave vetëshërbyese (vending) për kafe (kafemata) në hapësirat e Universitetit.

2. Kriteri për zgjedhjen e ofertës më të favorshme është oferta më e favorshme ekonomike e bazuar në: **çmim – Çmimi më i ulët dhe kompensimi paushall më i lartë i ofruar.**

3. Për zbatimin e kësaj procedure nuk do të angazhohen ekspertë të jashtëm.

4. Për zbatimin e procedurës për thirrjen publike nga pika 1 e këtij Vendimi, formohet Komisioni i përbërë nga:
- Erhan Avdili - kryetar
- Sara Arifi - anëtar
- Sara Cucujl – anëtar

5. Komisioni nga pika 5 ngarkohet që ta zbatojë procedurën në përputhje me kushtet e përcaktuara në thirrjen publike.

6. Arsyetim për nevojën e këtij furnizimi: Vendosja e 4 (katër) makinave vetëshërbyese (vending) për kafe është e nevojshme për të siguruar një shërbim të shpejtë, të qasshëm dhe praktik për studentët dhe punonjësit në hapësirat e Universitetit „Nëna Terezë" – Shkup. Makinat do të mundësojnë qasje më të lehtë në pije të ngrohta gjatë orarit të punës dhe mësimit, pa pasur nevojë për largimin nga hapësirat e universitetit

Врз основа на член 98 став 1 алинеја 16 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" бр. 82/2018, „Службен весник на РСМ" бр. 178/21 и „Службен весник на РСМ" бр. 58/24), Ректорот на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје ја донесе следната:

О Д Л У К А
за јавен повик

1. Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје има потреба од поставување 4 (четири) самопродавачки (вендинг) машини за кафе (кафемати) во просториите во Универзитетот.

2. Критериумот за избор на најповолна понуда е економски најповолната понуда врз основа на: **цена – најниска цена и највисокиот понуден паушален надоместок**

3. За спроведување на оваа постапка јавен повик нема да се ангажираат надворешни стручни лица.

4. За спроведување на постапката за јавниот повик од точка 1 на оваа Одлука се формира Комисија за јавна набавка во состав:
- Ерхан Авдили - претседател
- Сара Арифи - член
- Сара Чучуљ– член

5. Се задолжува комисијата од точка 5 да ја спроведе постапката согласно со условите наведени во јавниот повик.

6. Образложение за потребата од оваа набавка: Поставувањето на 4 (четири) самопродавачки (вендинг) машини за кафе е потребно за обезбедување брза, достапна и практична услуга за кафе за студентите и вработените во просториите на Универзитетот „Мајка Тереза" – Скопје. Машините ќе овозможат полесен пристап до топли пијалаци во текот на работното и наставното време, без потреба од напуштање на универзитетските простории.

7. Ky vendim hyn në fuqi nga dita e miratimit të tij.

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Rektor/Ректор:
Prof. Dr. Bekim Fetaji